# **Карпош** ИН

**Февруари 2019** | Бр. 71 | Година 10

## Мој Карпош

## Моја Картичка

ОДБЕЛЕЖАНИ **75 ГОДИНИ** ОД ЗАГИНУВАЊЕТО НА ХЕРОЈОТ ПИТУ

Андреј Манолев: **ВО ФОКУС НИ СЕ ГРАЃАНИТЕ И ЕКОЛОГИЈАТА**

НОВО **КАТЧЕ ЗА ДРУЖЕЊЕ** ЗА КАРПОШОВИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ

Александар Митевски, кантавтор: **СЕКОЈ ОД НАС МОЖЕ ДА ВГРАДИ ДЕЛ ОД СЕБЕ ВО КАРПОШ**

**ФОРЦА** - ВРВНА ГАСТРОНОМСКА ДЕСТИНАЦИЈА

# ПРЕКУ **ЕРАЗМУС**
# – ДО ИДНИНАТА



**У**чилиштето „Петар Поп Арсов“ од Карпош е прво училиште кое го доби проектот КА229 , и стана партнет училиште со училишта од Италија, Турција, Литванија и Унгарија. По тој повод ученици и наставници од Еразмус твининиг проектот „Откривајќи го минатото-движејќи се кон иднината“ кои соработуваат со ООУ „ Петар Поп Арсов“, беа во посета на Општина Карпош.



Присутните гости од овие земји, остварија средба со градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, и се запознаа со работата на локалната самоуправа. Првиот човек на Општина Карпош нагласи дека преку овие проекти, се создава вмрежување меѓу младите, се разменуваат различни искуства и практики кои потоа се практицираат во рамките на предметната настава. За да се доближи културата до младите, и да се запознаат со културно-историското наследство на земјите, во рамки на овие посети на земјите, се остваруваат и посети на културно-историските објекти и локалитети и најважните знаменитости во државите.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
Весник на
локалната самоуправа

**Издава Опшина Карпош**
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
**www.karpos.gov.mk**

**Издавачки Совет**
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

**Редакција**
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ

**Главен и одговорен уредник**
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

**Заменик-уредник**
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

**Одговорен за Фотографија**
Амел Амед

**Фотографија**
Игор Ѓуровски
Ива Зафировска

**Лектор**
Ангелина Николовска

**Технички уредник | Графички дизајн**
**STEF**Chou

**Печатница:** Серафимовски
**Тираж:** 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# *Во овој број ќе читате...*

Преку **„ЕРАЗМУС“** – до иднината ..... 2
Богоев се сретна со **МЛАДИ ЛИДЕРИ ОД САД** ..... 4
Воведник ..... 5
**ПОПУСТИ И БЕНЕФИЦИИ** во повеќе од 250 бизниси во Карпош ..... 6
**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КАРТИЧКА** ..... 8
за попусти од проектот „МОЈ КАРПОШ – МОЈА КАРТИЧКА“
Анкета за **„МОЈ КАРПОШ - МОЈА КАРТИЧКА”** ..... 9
**ПРОЕКТИ** ..... 10
**РОДОВА ЕДНАКВОСТ** - ВРВЕН ПРИОРИТЕТ ..... 13
Интервју со амбасадорот на Франција во Скопје,
***г - дин КРИСТИАН ТИМОНИЕ:***
„ПАРТИЗАН“ - **ПОБЕДА НА УРБАНОТО И МОДЕРНОТО** ..... 14
Разговор со **АЛЕКСАНДАР МИТЕВСКИ** – пејач и кантавтор:
**СЕКОЈ ОД НАС МОЖЕ ДА ВГРАДИ ДЕЛ ОД СЕБЕ ВО КАРПОШ** ..... 18
Интервју со претседателот
на Советот на Општина Карпош
***АНДРЕЈ МАНОЛЕВ:***
**ВО ФОКУС НИ СЕ ГРАЃАНИТЕ И ЕКОЛОГИЈАТА** ..... 22
**ПАКЕТЧИЊА ЗА БЕЗДОМНИЦИТЕ** ..... 25
Одбележани **75 ГОДИНИ**
од загинувањето на херојот **КУЗМАН ЈОСИФОСКИ ПИТУ** ..... 26
Ново **КАТЧЕ ЗА ДРУЖЕЊЕ** за карпошовите пензионери ..... 27
**БИЗНИС КАТЧЕ** ..... 28
**ЈАВНА РАСПРАВА** за изградба на Адреналински парк во Карпош ..... 29
НВО Визија **„МОНТЕСОРИ“**
**ПАТ КОН ПОБРЗА ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА** ..... 30
**МЛАДИ И СПОРТ** ..... 32
Фотонатпревар: **#НЕБОНАДКАРПОШ** ..... 34
Врвната гастрономска дестинација
можете да ја пронајдете во **„ФОРЦА“** ..... 36
**ЕКОЛОГИЈА** ..... 38
**КАРПОШНЕТ** ..... 40
Здравје: **ЛАПАРОСКОПСКИ ТРЕТМАН**
**НА КАРЦИНОМ НА ДЕБЕЛО ЦРЕВО** ..... 42

ISSN 2545-482X



# БОГОЕВ СЕ СРЕТНА СО **МЛАДИ ЛИДЕРИ** ОД САД





**Д**елегација на Американскиот совет на млади политички лидери (ACYPL), составена од седум млади луѓе кои политички се активни во САД, со посета на Општина Карпош ја започнаа својата работна агенда на повеќе институции во државата.

На средбата во нашата Општина, тие разговараа за локалната самоуправа и нејзината поставеност, главните проблеми и предизвици за Општина Карпош и двонасочната комуникација со граѓаните. Градоначалникот Богоев им го објасни начинот на избор на градоначалникот и советниците при Советот, нивниот мандат, работата и други позначајни теми од функционирањето на локалната самоуправа.

Присутните гости од САД можеа да слушнат за клучните проекти на кои работи Општината во овој период: „Моја Картичка - Мој-Карпош, изградбата на Адреналинскиот парк, реконструкцијата на „Партизан" и др.

Присутните млади од САД веќе беа запознаени за активната и постојана двонасочна комуникација на социјалните мрежи што Општината и градоначалникот ја имаат со граѓаните.

Во интерактивниот дел од средбата присутните разговараа за начинот на избор на носителите на јавни функции и за моделот на отворени листи.

Градоначалникот Богоев посочи дека го поддржува овој концепт, затоа што на овој начин ќе се зголеми одговорноста на функционерите. Граѓаните ќе имаат поголема одлучувачка моќ, ставајќи ги компетенциите и афирмираноста на кандидатот во преден план.

**Димитар Караташев**



# Стефан Богоев

Градоначалник на општина Карпош

## 1

Среќен сум што започнавме со проектот „Мој Карпош – Моја Картичка“. Аплицирајте за картичката за попусти и бенефиции во голем број на кафулиња, ресторани, здравствени ординации, аптеки, книжари, авто – мото сервиси, IT компании и др. Ова е еден од проектите кои ми е особено драг и уште во предизборната кампања, за локалните избори го промовирав заедно со дуќанџиите од ТЦ „Лептокарија“ и стопанственициите во индустриската зона во Момин Поток.

10% попуст во „Мартини“, 15% попуст во „Ревија“, 20% за технички преглед во Здружение на возачи на Град Скопје, 15% пониски цени во ПЗУ „Меридиан Медикал“... повеќе од 250 бизниси ја препознаа важноста на проектот и ни се приклучија.

## 2

Изминатиов месец отворивме и нов клуб за пензионери во Влае, во комплексот Порта Влае. Имав пријатна средба и дружба со повозрасните наши сограѓани, кои ми дадоа чест да бидам најмлад градоначалник во нашата држава, во општината со најголем број на возрасни сограѓани по глава на жител. Игравме шах, испивме кафе, разговаравме за Карпош и идните планови. Посетете го клубот, каде што има нови содржини, друштвени игри, а и ветивме поголема меѓугенерациска дружба (посети на ученици од основните училишта), изработка на ракотворби, едукативни предавања за здравје и сл.

## 3

Продолживме и со интензивни активности во областа на хигиената и заштитата на животната средина. Исчистивме уште една дива депонија во Злокуќани, на ул. „Марк Твен“, како и потегот околу „Партизан“. Засадивме 47 дрвја, најголемиот дел во Козле и на мое задоволство овие денови завршува постапката за набавка на повеќе од 200 нови веќе развиени дрвја кои ќе ги засадиме на пролет. Доаѓа период од годината кога времето се разубавува, сите сме надвор и сакаме да поминеме време во маалските паркчиња. За таа цел, ќе обновиме и голем дел од урбаната опрема (клупи и корпи за отпадоци), а ќе санираме и неколку детски игралишта (во Жданец, Карпош 3 на ул. „Пелистерска“ и „Огражден“, ново игралиште во Криви Дол). Апелирам да ја чуваме урбаната опрема, да водиме сметка за овие убави зони за рекреација кои се меѓу ретките останати во нашето Скопје.

## 4

За љубителите на домашни миленици, отворен е новиот парк во Влае 2, долж Кејот на Вардар, до фудбалското игралиште. Слободно можам да кажам дека ова е една од најубавите зони во нашиот Карпош, катче по мерак и вкус за сите. Младите може да спортуваат, да играат фудбал, помалите деца со своите родители, баби и дедовци да поминат дел од времето на лулашки, а сопствениците на миленици да уживаат во еден модерен парк за кучиња.

КАРПОШ ПОЧНУВА ДА БИДЕ ОПШТИНА ЗА СИТЕ. ПРОДОЛЖУВАМЕ ЗАЕДНО!

**e-mail**
gradonacalnik@karpos.gov.mk

**Facebook**
Stefan Bogoev

**Twitter**
@sbogoev

**Instagram**
@sbogoev

Искрено Ваш,
Стефан Богоев



**ЗАПОЧНА ПРОЕКТОТ „МОЈ КАРПОШ – МОЈА КАРТИЧКА“**

# **ПОПУСТИ И БЕНЕФИЦИИ** ВО ПОВЕЌЕ ОД **250 БИЗНИСИ** ВО КАРПОШ




*За картичката можете да аплицирате по електронски пат, на* ***www.mojkarpos.mk****, во просториите на урбаните заедници на Општина Карпош или директно во Општината, кај претставник од Секторот за развој.*



**В**о едно од најкултните кафулиња во ТЦ „Лептокарија“, кафе бар „Мартини“ се промовираше проектот „Мој Карпош – Моја Картичка“. Станува збор за картичката, со која сите граѓани, над 13 години од Карпош, ќе имаат можност за голем број попусти и бенефиции во кафулињата, рестораните, салоните за убавина, книжари, авто – мото сервиси, IT компании, здравствени ординации и др. Кон овој проект се приклучија повеќе од 250 бизниси кои склучија меморандум со Општината.

На промотивниот настан, градоначалникот Стефан Богоев зборуваше дека оваа картичка е прва од ваков тип во нашата држава. Имено, картичката Мој Карпош за прв пат беше презентирана во предизборната кампања за локалните избори во 2017 година. Богоев и тимот на средби со дуќанџиите во Лептокарија се обврзаа на постојана соработка.

Токму пораката „Добро за бизнисот, повеќе за граѓаните“ на најдобар начин дава опис на проектот. Впрочем, бизнисите кои имаат помала фреквенција во одредени периоди од денот имаат шанса да дадат попусти, со што ќе се зголеми посетеноста на страна на граѓаните, ќе расте потрошувачката и посетеноста на локалот, а граѓаните ќе пазарат или ќе добиваат добра и услуги по пониски цени.

На промотивниот настан во „Мартини“ се обрати и претставник од бизнис секторот. Зборуваше Предраг Николовски, од „Ми-Да Гранд Моторс“ како овластен импортер



и претставник на брендот „Форд“ во Македонија. Имено, овој бизнис се одлучи да даде попуст за сервисните услуги, при што ја нагласија и позитивната соработка со локалната самоуправа.

На настанот се промовираше и веб платформата **www.mojkarpos.mk,** при што граѓаните можат да се запознаат со сите досегашни приклучени субјекти, да го видат попустот кој го нудат и да аплицираат за картичката по електронски пат.

Во претстојниот период, Општината ќе изработи и соодветни налепници за бизнисите кои ќе бидат залепени на влезните врати или други видни места на локалите, со цел карпошани да знаат кој локал е дел од „Мој Карпош – Моја Картичка“.

**Димитар Караташев**

## КАКО ДА СТИГНЕТЕ ДО КАРТИЧКАТА МОЈ КАРПОШ?

Можете да се регистрирате по електронски пат, на **www.mojkarpos.mk**, во рубриката Регистрација.

Исто така, граѓаните може да се регистрираат и во просториите на урбаните заедници (а во овој број на Карпош ИН, може да го пополните формуларот и да го доставите до урбаната заедница).

И третиот начин, да дојдете во Општина Карпош (ул. „Радика“ бр.9) и кај претставникот од Секторот за развој да се регистрирате.

Картичката може да ја поседува секое лице кое има над 13 години.











# Б А Р А Њ Е

за издавање на картичка за попусти од проектот
„Мој Карпош – моја картичка“

Податоци од барателот:

Име: ______________________

Презиме: ______________________

Мобилен телефон: ______________________

Е-маил: ______________________

Адреса: ______________________

Урбана заедница: ______________________

Во прилог на ова барање доставувам и копија од документ за лична идентификација со кој се потврдува дека сум жител на Општина Карпош.

Со поднесувањето на ова барање сум согласен/на моите податоци да се регистрираат, обработуваат и зачувуваат во согласност со важечките правни прописи. Се согласувам да бидам известуван/а по СМС и на наведената е-маил адреса со новости и дополнителни поволности од програмата „Мој Карпош – Моја Картичка“ како и за останатите активности на Општина Карпош.

** Ова барање, потполнето, доставете го до вашата урбана заедница*

Датум: Барател:

# „МОЈ КАРПОШ“ Е КАРТИЧКА КОЈА НОСИ ДОБРОБИТ ЗА СИТЕ



**Зоран Аврамовски**
Козле

Сум чул, и делумно сум запознаен со проектот „Мој Карпош - моја картичка“ и сметам дека е пионерски проект во локалната самоуправа во нашата држава. Се разбира дека ќе бидам корисник на картичката, бидејќи на тој начин ќе имам бенефит и јас, се разбира и моето семејство, но, тоа ќе биде и од полза за локалните бизниси кои се наоѓаат на територијата на нашата Општина.



**Жаклина Ангелеска**
Карпош 3

Овој револуционерен проект во нашата Општина е одличен, особено што и јас сум сопственичка на продавница за детски играчки. И како бизнисмен кој долги години го води својот бизнис на територијата на локалната самоуправа, но и како граѓанин на Карпош, сметам дека „Мој Карпош - моја картичка“, ќе придонесе за поголемо поттикнување на потрошувачката на карпошани, што е добро за нас како претприемачи, но и поголема заштеда за купувачите, со попустите кои ќе ги добиваат во фирмите користејќи ги нивните производи или услуги.



**Милка Панчевска**
Нерези

Проектот „Мој карпош- моја картичка“ е визионерски проект, со кој и на нам граѓаните на Општина Карпош ни се овозможува, да добиеме одреден попуст во продавниците и угостителските објекти во кои купуваме потребни производи или користиме услуги, а со тоа ќе го зголемиме потрошувачкиот обрт и ќе ја интензивираме локалната економија. Тоа исто така, претставува и бенефит за стопанствениците, бидејќи ќе се зголеми нивната потрошувачка, и ќе го зацврстиме веќе постоечкиот однос на доверба како потрошувачи (клиенти) и фирми/стопански објекти од кои секојдневно користиме услуги, или се снабдуваме со продукти потребни за секојдневно функционирање.



**Ѓорги Стефановски**
Карпош 1

Се разбира дека ќе бидам корисник на картичката „Мој Карпош“ бидејќи ќе овозможи поголема заштеда како за мене лично, така и за семејниот буџет. Овој проект многу ми се допадна, не само што е иновативен, односно нов, кој функционира во една наша локална самоуправа, туку и поради неговата практичност. Всушност тука не губи никој. Добитници сме и ние граѓаните на Општина Карпош, а исто така се добитници и сопствениците на фирмите. Го поздравувам градоначалникот Богоев, за реализацијата на оваа одлична идеа, и се надевам во иднина ќе бидеме сведоци на други вакви проекти кои ќе носат бенефиции за сите.

# ВО ТЕК

## **СЕ РЕКОНСТРУИРААТ** „БРАДФОРТСКА“, „РИМСКА“ И „АТИНСКА“



Општина Карпош неодамн заврши со реконструкција на поголема делница од улицата „Карпошово востание“, во урбаната заедница Карпош 3. Имено, асфалтирани се 390 метри од улицата и поставен е повеќеслоен асфалт, со што е зголемена безбедноста за движење на возилата и другите учесници во сообраќајот.

Локалната самоуправа интензивно работи на подобрување на севкупната инфраструктура во Карпош, откако неодамна беше обновена и ул. „Даскал Камче“, во Карпош 1. По повеќе децении, во Карпош се реконструира и улицата „Брадфордска“, во населбата Козле, од страна на Град Скопје.

Исто така, активностите за обнова на улиците продолжуваат во УЗ Владо Тасевски, со реконструкција на „Римска“ и „Атинска“.





## **РЕКОНСТРУКЦИЈА** НА ПРИСТАПНИТЕ ПАТЕКИ ВО ТЦ „ЛЕПТОКАРИЈА“



Комуналните служби на Општина Карпош започнаа со санација и обнова на пристапните патеки во задниот дел на ТЦ „Лептокарија“, во урбаната заедница Карпош 3. Патеките, повеќе години беа руинирани и движењето на пешаците беше отежнато.

Во изминатиов период, локалната самоуправа асфалтираше и поголем број на ударни дупки на паркингот пред ТЦ „Лептокарија“, а беа поставени и нови корпи за отпадоци.

# РЕАЛИЗИРАНИ











## НОВ **ПАРК ЗА МИЛЕНИЦИ** ВО ВЛАЕ

Граѓаните на Општина Карпош, од населбата Влае добија нов парк за миленици. Во сончевото саботно попладне, кога и официјално беше пуштен во употреба овој парк, дојдоа голем број на карпошани, кои го искористија убавото време за дружба и рекреација со своите миленици. На отворањето на паркот за миленичиња, беше присутен и градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, кој нагласи дека и овие потреби и проблеми на граѓаните се решаваат чекор по чекор.

-Голем број на карпошани имаат домашни миленици, и навистина, многу граѓани го бараа овој парк. Освен овој новоотворен парк за миленици, неодамна отворивме ваков наменски парк долж кејот на реката Вардар (кај вештачката карпа), кој концепциски се разликува од овој, бидејќи овој во Влае 2, содржи урбана опрема и различни реквизити, потенцираше Богоев. На отворањето присуствуваа и претставници од Кинолошкиот сојуз, како асоцијација која се занимава со проучување на кучињата и нивните расни карактеристики. Првиот човек на овој Сојуз, Јордан Христовски го истакна позитивниот пристап на локалната самоуправа за реализација на вакви урбани катчиња за миленици, опремени со потребни реквизити.

Карпошани исто така, беа задоволни од новиот парк за миленици, бидејќи како што во неформалните разговори потенцираа, вакви паркови се и насушно потребни, со оглед на тоа што голем број на семејства имаат миленичиња на кои им е потребен простор за трчање, прошетка и задоволување на нивните потреби.

Првиот човек на Општината, напомена дека овој простор од населбата Влае се повеќе се оплеменува, односно има детско и спортско игралиште, зеленило, а новоотворениот парк за миленици ќе биде заокружување на амбиенталноста на оваа урбана целина.

# ПОСТАВЕНИ **НОВИ ЛЕД СВЕТИЛКИ** НА УЛ. „АТИНСКА“



Општина Карпош го обнови јавното осветлување на улицата „Атинска“, во урбаната заедница Владо Тасевски.

Поставени се вкупно осум столбови со 10 светилки, со моќност од 30 вати. Општината ја презеде оваа иницијатива, со цел зголемување на безбедноста при движење на сите учесници во сообраќајот.



# „ДАСКАЛ КАМЧЕ“ ДОБИ **НОВ КОЛОВОЗ**

Улицата „Даскал Камче“ во Карпош 1 доби целосно нов лик. Беше асфалтирана површина од улицата од 360 метри квадратни, односно коловоз во должина од 120 метри и ширина од 3 метри. Исто така се асфалтираа уште 30 метри во должина од улицата „Гиго Михајловски“ која ги спојува улиците „Даскал Камче“ со „Бранислав Нушиќ“.

# **РАСЧИСТЕНИ** ЧЕТИРИ КИЛОМЕТРИ **КАНАЛИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ** ВО БАРДОВЦИ



На барање на граѓаните од населеното место Бардовци, Општина Карпош преку фирма-изведувач почна со интензивно чистење на каналите за наводнување од реката Лепенец кон Бардовци. Досега се исчистени приближно четири километри од каналите за наводнување, а работите околу нивно расчистување од таложник и друг отпад, ќе продолжи и во наредниот период.

# РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ - ВРВЕН ПРИОРИТЕТ




Синдикалната организација на локалната самоуправа Карпош, пред своето членство и пред високи претставници од ССМ и од Општината, на 8 Март, даде отчет за сработеното во текот на 2018 година. Во духот на Синдикатот, воедно беше одбележан и Меѓународниот ден на жената и на борбата за женски права.

Годишниот извештај пред присутните членови на Синдикатот на локалната самоуправа Карпош, со видео презентација детално го презентираше претседателката Гордана Максимовска, која патем се заблагодари на отворената соработка и поддршката што ја добива од раководството на општината.

Гостинот на Синдикалната организација на Карпош, Пеце Груевски, претседател на УПОЗ при ССМ , нагласи дека синдикалната борба за работнички права е многу блиску со борбата за правата на жените, а градоначалникот на Карпош Стефан Богоев, честитајќи им го празникот на припадничките на женскиот пол, порача дека борбата за родова еднаквост ќе биде наше секојдневие. Патем, според, истражувањата на Реактор, нагласи Богоев, по индексот на родова еднаквост, Општина Карпош е на високото петто место, од 81 општина во државата по вклученост на жените во локалната самоуправа.

На крајот од овој настан првиот човек на Карпош им подели по една роза на сите членки на Синдикатот и на сите жени и девојки, вработени во Општината.





Интервју со амбасадорот на Франција
во Скопје, **г – дин Кристиан Тимоние**

# ОБНОВАТА НА „ПАРТИЗАН“ ЌЕ БИДЕ ***ПОБЕДА НА УРБАНОТО И МОДЕРНОТО*** ВРЗ ИНЕРТНОСТА И КОРУПЦИЈАТА

Пишува: **Димитар Караташев**



Со францускиот амбасадор, почитуваниот Кристиан Тимоние разговаравме за спортскиот центар „Партизан“, кој е француска донација по катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје во 1963 година. Секогаш срдечен и отворен за разговор, амбасадорот Тимоние за момент „не внесе“ и во неговиот понеформален дел, слободното време, местата во кои ужива во Скопје.

**Почитуван амбасадоре Тимоние. Неодамна ја посетивте Општина Карпош и заедно со градоначалникот Стефан Богоев бевте во посета на спортскиот центар „Наум Наумовски Борче – Партизан“, кој претставува донација на Франција по катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963. Какво чувство Ви пробудија руинираните ѕидови и сликата внатре, како ја оценувате иницијативата за спас и обнова на „Партизан“?**

- Франција целосно учествуваше во меѓународниот бран на солидарност што се создаде по земјотресот во 1963 година. Навистина бев трогнат при посетата на Музејот на градот кога се уверив колку биле силни емоциите, но и меѓународната мобилизација. Тоа бил момент на оптимизам со почетокот на затоплувањето на односите помеѓу Кенеди и Хрушчов и идејата за солидарност меѓу народите, ставајќи ја соработката над политичките ривалства кога сме соочени со природна катастрофа. Можеби треба да се размисли за поуката од таа лекција, во време кога сме соочени со климатските промени. Триесетина спортски објекти биле уништени, а изградбата на овој спортски центар со помош на Франција претставувал знак на надеж за градот и за новиот живот. Нормално е дека контрастот меѓу надежта од тоа време и сегашната состојба е фрапантен. Треба да се запрашаме како тој спој на негрижа и алчност довел до напуштање на таа прекрасна зграда, симбол на спортскиот дух и на обновувањето на градот. Но, повеќе сакам да размислувам за мобилизацијата на граѓаните која го привлече нашето внимание кон ова место и неговото минато, како и за енергијата на општинските власти кои имаат подготвено вистински проект за урбана обнова и реставрација на спортскиот центар: ова е знак дека духот на Скопје е посилен од инертноста и корупцијата.

**Дали обновата на „Партизан“ може да биде позитивен пример за тоа како треба да се третираат и другите запуштени објекти во нашата земја?** ***(кои за жал ги има поприлично)***

- Како што ми објасни градоначалникот, останува да се разјаснат одреден број моменти, како што е сопственоста на просториите и состојбата на градбата пред да се започне со нејзина реконструкција. Се надевам дека тоа ќе се разјасни во скоро време, бидејќи оваа градба е важна за животот на граѓаните, за нивното здравје, за образованието на младите и на општеството во целина. Од друга страна, таа архитектура од периодот на 50-тите до 80-тите години, наречена бруталистичка, исто така е дел од европското наследство кое заслужува да се заштити. Во Скопје се наоѓаат светски познати проекти, како што е Централната пошта, која за жал, не е доволно вреднувана, а била предмет и на вандализам. Ова современо наследство е најчесто колективно и е поврзано со историјата на земјата, како во нејзините најдобри времиња, така и во најтрагичните и затоа заслужува да биде подобро познато и ценето. Би било интересно да започнеме да пребаруваме низ архивите за тоа како



бил изграден центарот „Партизан" и за соработката со Франција од тој период.

**И улицата „Париска“ во населбата Тафталиџе не потсетува на францускта солидарност кон Градот Скопје и Карпош, веднаш по 1963 година. Дали би дале поддршка, во склоп на „Партизан“ да постои и француско катче, место каде што ќе се промовира француската култура, јазик и сл… од тука, симболично да започне едно ново поглавје на македонско – француско пријателство…**

- Кога ќе дојде време, ќе видиме како да се вклучиме во активностите за обнова, доколку е потребно во рамките на нашата соработка. Несомнено е дека би сакале да ја про-



вањето кон НАТО претставува нова гаранција за заедничката безбедност, особено ако истовремено се вложува во европската одбрана која е во развој, пред сѐ поттикната од страна на Франција. Новата фаза, без сомнение и најзначајната, ќе биде нов чекор напред кон Европската унија, кон која сте предодредени да се приклучите. Патот е долг, но на тој пат, исто како и во 1963 година, ние сме подготвени да ви помогнеме. Европската Унија може многу да придонесе на локален план, во поглед на материјална и техничка помош, како и за поддршка на меѓународната размена. Точно е дека имаше заостанување во последната деценија и дека сега е потребно тоа да се надополни. Што се однесува до салата „Партизан", да се инспирираме од минатото, да ги исправиме грешките и да го сочуваме духот на обновата и на соработката од 60-тите години. Кога се случи земјотресот, Сартр ги напиша овие зборови на надеж: „Скопје не е трилер-филм во кој погодуваме кој е главниот настан. Скопје е концентрација на човечката борба за слобода со резултат кој инспирира идни борби и неприфаќање на порази". Земјата продолжи да чекори, а тоа посебно се чувствува во Карпош, зашто виталноста на локалната демократија е најдобар барометар за економската и социјалната реалност, особено доколку се практикува над партиските поделби, во духот на заедничкото добро.

должиме неговата историја за уште повеќе од педесет години. Најдобро е да се поканат француски спортисти, па заедно да ги заживееме овие простории! Зошто да не организираме ракометен натпревар при пуштањето во употреба? Колку што знам, не сте лоши во таа дисциплина, а не сме ни ние! Спортот е еден од приоритетите на нашиот Француски институт. Идејата за француско катче е одлична: францускиот јазик е јазик на олимпиското движење и тој се практикува во неколку институции во општината Карпош. Во вашата општина се наоѓа и Француското Интернационално училиште - Скопје, кое успешно работи благодарение на поддршката од страна на одговорните власти. Исто така, заедно со министерот за образование, господинот Арбер Адеми и со градоначалникот, го посетивме училиштето „Братство". Станува збор за едно навистина квалитетно училиште кое се наоѓа во вашата општина и ние планираме да ја прошириме соработката низ контактите остварени со вашиот сектор за образование.

**Што сакате да правите во Вашето слободно време во Скопје? Често сте присутни во нашиот општествено – политички живот и читателите на магазинот „Карпош ИН" би сакале да дознаат малку повеќе за Вашите навики и практики или можеби места кои го посетувате?**

- Ја сакам музиката и уживам колку што е можно во одличната програма на Филхармонијата и нејзината извонредна сала. Се обидувам да не ги пропуштам концертите на пијанистот Дино Имери, кој величествено го прослави својот јубилеј во декември заедно со своите пријатели. Исто така, имате прекрасни пејачи како Ана Дурловски, еден од најубавите сопрани на денешницата, чиишто ретки настапи се трудам да не ги пропуштам. Деновите на македонската музика, како и џез-фестивалот или фестивалот на современ танц, се исто така моменти што не се пропуштаат; среќни сме кога француски уметници ќе се најдат на програмата и се обидуваме да го поддржиме нивното доаѓање. Важно е Скопје да остане град на културата и на меѓународната соработка. Исто така, многу ги ценам разновидните изложби што ги организира Националната галерија. Нашите бројни културни активности подготвено од Францускиот институт (*http://www.ifs.mk*) претставуваат можност за многу богата размена со интелектуалците од оваа земја. Разговорите со Луан Старова или со Владимир Мартиновски секогаш претставуваат едно духовно збогатување.

**Нашата земја храбро и одлучно чекори на патот на евроатлантските интеграции. Кои се најважните три работи, кои според вас ќе ги добиеме со нашето членство во ЕУ и НАТО, особено, што е тоа што локалната самоуправа ќе добие?**

- Договорот од Преспа го одблокира патот. Пристапу-



# СЕКОЈ ОД НАС МОЖЕ ДА ВГРАДИ ДЕЛ ОД СЕБЕ ВО КАРПОШ

РАЗГОВОР СО
**АЛЕКСАНДАР МИТЕВСКИ**
– ПЕЈАЧ И КАНТАВТОР



**Со Александар Митевски разговаравме за маалскиот живот во Карпош, Скопје некогаш и сега, за песните кои станаа евергрини и белег на секоја младост, што е тоа што му недостасува на Карпош… Разговорот го водевме во тенискиот клуб „МТП“ во Тафталиџе 1, позади гимназијата „Георги Димитров“.**

**Како уметник и личност која живее во нашата Општина, од твоја перспектива, што е тоа што му недостига на Карпош?**

- Роден сум во Кисела Вода, но веќе 20 години сум во Карпош, тука живеам, тука основав семејство… Карпош е убава, питома населба, би рекол, има подруг шмек од другите. Иако и тука има голема урбанизација и пренатрупаност на одредени места, сепак, има зелени површини, имаме кеј, има места за спортување, за дружење, блиску сме до центарот. Можеби ми недостасува повеќе од оној маалски дух на кој сме навикнале во младоста, минатото, но, во оваа секојдневна трка со динамичното живеење - никој не е имун. Што и да ни недостасува, сепак, мислам дека иницијативата треба да почне од нас и секој да се вложи во растењето на една населба, на општината, затоа што волшебно стапче не постои. Кога би имало, би направил повеќе зелени површини, повеќе места за дружење и би направил чист воздух за сите.

**Токму ти ја имаш напишано и изведено една од поубавите поп „химни“ за нашето Скопје. Дали „Мојот Град“ се уште го опишува Скопје, градот на љубовта и солидарноста?!**

- Па, да. Некои текстови никогаш не умираат и еве после 15 години се уште звучат свежо и „држат вода“. Таква е и песната за мојот град. Најтешко е да напишеш песна за Скопје после толку легендарни песни отпеани и напишани од врвни пејачи и автори. Но, секогаш гледам да ја има онаа моја нишка на препознатливост која ќе ја одвои од други. Дефинитивно, тоа не е истиот град од пред 15 години, но јас не се водам од актуелност, туку давам една носталгична, романтична скица која длабоко е врежана во мене. Со Бени и со „Златните славејчиња“ годиниве отпеавме и една детска песна за Скопје и таа тема е дефинитивно непресушна инспирација. И мене како уметник и како човек ме болат некои работи кои му се случија или му се случуваат на нашиот град, но не сум бил никогаш кадарен за некакво општествено или политичко ангажирање. Сепак, моето најсилно оружје се нотите и зборовите.

> ***“ Секогаш гледам да ја има онаа моја нишка на препознатливост која ќе ја одвои од други. Дефинитивно, тоа не е истиот град од пред 15 години, но јас не се водам од актуелност, туку давам една носталгична, романтична скица која длабоко е врежана во мене.***

**Незаборавни се моментите кога живеевме за саботните ракометни натпревари на „Кометал“. Како се движеа до европскиот трон, така ја создаде и познатата спортска химна „Кометал шампионе“. Автор си и на „Македонија навива за вас“, официјалната спортска химна отпеана од нашата легенда Тоше Проески. Од каде оваа инспирација за најдобрите навивачки химни?**

- Некако химните ми станаа заштитен знак во мојата кариера и во животот, и, кога и да треба да се создава некоја наменска мотивациска песна, не ретко ми се обраќаат со барања знаејќи дека можам да одговорам на задачата. Секоја песна е плод на инспирација, животно искуство и километража. Без разлика дали се работи за “Кометал шампионе”, песна која со ракометарките ја пееше цела Македонија и ја здружи цела естрада или пак тоа беше “Македонија навива за вас”, официјалната спортска химна која величествено ја отпеа нашиот Тоше Проески, или, пак, песната за градот Скопје – Мојот град. Секогаш со голема одговорност пристапувам кон секоја песна, и уште кога ја пишувам, очекувам да стигне до срцата на што поголема публика. Се ставам во позиција на слушател и знам што мене би ме мотивирало или би ми звучело добро. Така, во моменти на наплив на инспирација, запишувам на ливчиња, на салфетки, на кутија цигари, во телефон ќе отпеам некоја линија. Подоцна, кога како финална снимка ќе им ја пуштам на пријателите, ми велат: „Значи, навистина за химни не можеш да промашиш”. Не знам, можеби населбата ме прави креативен, затоа што повеќето од песните се напишани тука во Карпош :)

**Да се вратиме наназад, во времето кога се создаваше квалитетна македонска поп музика, а ти имаше соработка со некои од најславните наши пејачи, како Тоше, Каролина, Тамара… Зошто изумре периодот на квалитетна мак – поп музика од типот на „100% фанки“, „Шпанска мушица“, „Виолина и гитара“ ?**

- Секогаш со некоја носталгија зборуваме за тоа минато кога македонската музика направи голема експанзија, времето на крајот на 90-тите. Јас би рекол дека тоа време повеќе фактори ни одеа во прилог: не беше развиен интернетот, социјалните мрежи како што се денес, не се чувствуваа влијанија големи од соседството, луѓето беа “гладни” за “наша” музика, се правеа добри песни… Меѓу нас имаше некако натпревар кој ќе направи нова и подобра песна, а немаше субвенционирања во културата. Музиката се искачи до тоа ниво што се правеа настапи од македонски изведувачи, се пушташе наша музика по кафулиња и дискотеки, што денес е нешто незамисливо. Јас сум од 1993 година на сцената, такашто било како автор, било како пејач сум ги поминал сите скалила, сум бил сведок и учесник во градењето на таа наша

*„Порано имаше натпревар кој ќе направи нова и подобра песна, а немаше субвенционирања во културата. Потребен е нов бран, идеја и енергија, за привлекување на младите, но да ги потсетиме и повозрасните генерации.*

поп сцена. Но, би рекол дека во тоа време, младите беа наш мотор за успехот, а сега тие имаат други преокупации и се под влијание на други ветришта, па македонската музика не им е во фокусот на вниманието. Сепак, доказ дека сме правеле добри песни е тоа што до ден денешен останале како хитови и каде и да ги запееме, луѓето се воодушевени кога ќе слушнат некои од тие песни. Јас секогаш апелирам на заедништво и соработка на старите докажани автори и пејачи, да се здружиме во некоја заедничка идеја и да донесеме повторно еден таков бран кој ќе ја заинтригира младата публика, а ќе ги потсети и оние повозрасните.



**Во изминатиов период започнавме проект за изработка на „Лична карта на Карпош“. Видео материјал кој на сликовит начин ќе ја прикаже Општината, значајните места, но и култни ликови, уметници заслужни граѓани... Проктот е во соработка со нашиот познат актер, Драган Спасов – Дац. Колку долго се познавате со Дац и од каде оваа соработка?**

- Нашата дружба датира од многу одамна, некако сме и приватно и работно на иста линија, се разбираме за час во идеите, проектите, песните. Таа спојка на искусен глумец и кантавтор,пејач, многупати ни ги споила патиштата и тоа со голем успех. Без разлика дали Дац ја создавал познатата мега-хит претстава “Кец на десетка” во МНТ, па јас сум му правел музика, или јас како еден од продуцентите на ТВ шоуто на Драган Б. Костиќ “Б со точка” секогаш барам совети од Дац за одредени содржински решенија внатре. Или првиот детски мјузикл „Земја во која не се стигнува”, којшто оваа година се закити со „Златна бубамара” и го работевме заедно со Виолета Џолева, Дац и цела екипа. Наш изум е и таканаречената „Лична карта”, проект во кој на специфичен начин се прави едно убаво претставување на општината. Неодамна, спонтано и без претензии започнавме и со тематски журки низ Скопје, на кои изведуваме заедничка целовечерна програма со музика, песни и стихови, а публиката со задоволство не слуша и гледа. Ги потсетуваме на едно убаво време, на убави песни, како што само спојка на глумец и пејач можат да направат.

**Димитар Караташев**



Интервју со претседателот на совет на Општина Карпош **АНДРЕЈ МАНОЛЕВ**

# ВО ФОКУС НИ СЕ **ГРАЃАНИТЕ И ЕКОЛОГИЈАТА**

Пишува: **Виолета Цветковска**



**Помина веќе година и пол од мандатот во кој сте прв човек на претставничкиот орган на граѓаните на Карпош. Колкава одговорност носи оваа функција?**

- На третата седница на Советот на Општина Карпош, на предлог на советничката група на СДСМ, со мнозинство гласови, по заминување на Душко Весковски на друга функција, бев избран за претседател на Советот на Општина Карпош. Тоа е функција која носи многу одговорност. Функција која треба да ги сублимира и да ги артикулира сите предлози на моите колеги. Тоа се 23 советници од четири политички провиниенции кои ги претставуваат граѓаните на Општина Карпош. Тоа подразбира дека треба да се слушнат нивните предлози за подобрување на квалитетот на живеење кои секој од нив ги ветил пред своите избирачи. Станува збор за 60.000 жители, колку што има Карпош, што не е мал број. Покрај тоа, секојдневно се соочуваме со различни проблеми од областа на социјалата, на образованието, од урбанизмот, и се разбира од сферата на екологијата која мислам дека е „топ таргет“ на новото, сегашно раководство на локалната самоуправа.

**Советот на Општина Карпош е составен од претставници на четири политички партии со различни идеологии, програми и визии за начинот на развој на Карпош. Дали и како успевате да ги усогласите и избалансирате различностите?**

- Токму така. Советот го чинат советници од четирите партии: Социјал демократскиот сојуз на Македонија со коалицијата (Обединети за Македонија, Демократскиот сојуз и Нова демократија), која има 14 советнички мандати, потоа ВМРО со шест советника, ГРОМ со двајца и еден од партијата Левица.

Секоја партија стартува со своја политичка програма која ја претставуваат пред граѓаните, а по завршените избори, секој од нив сака да си оствари дел од политичката програма која ја промовирал. Не е лесно, затоа што имаме различност на програми кои треба да се преточат во една програма за работа. Различните гледања најчесто ги разрешуваме веќе на комисиите при Советот, каде речиси секогаш се бираат најдобрите предлози од каде и од кого и да потекнуваат.

Секако, ние не останавме само на нашата визија, туку секој констуктивен предлог кој ќе ни го понуди опозицијата се обидуваме да го вградиме во програмите за работа на општината, со што сакаме да кажеме дека ние како политичка партија сме секогаш отворени за соработка, без оглед на различностите и гледиштата. Програмите за работа кои беа понудени од секторите во состав на општината за тековните години беа едногласно прифатени од советниците во Советот, а сите се во насока на подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните. Оттаму, најголем дел од одлуките на Совет се донесени со огромно мнозинство, прифатени и од советниците од опозицијата.

*Што сработе советот на Општина Карпош во 2018 година?*

| **Акти** | **Одлуки** |
|---|---|
| **Одлуки** | **124** |
| **Решенија** | **51** |
| **Програми** | **35** |
| **Заклучоци** | **69** |
| **Мислења** | **12** |
| **Правилници** | **3** |
| **Буџет** | **1** |
| **Буџетски календар** | **1** |
| **Извештај** | **1** |

**Општината ја затекнавте во незавидна состојба на презадолженост, претерана урбанизација, граѓански иницијативи и укинати детални урбанистички планови. Дали ги надминавте овие проблеми и до каде сте во нивното решавање?**

- Кога ќе помислам на периодот на почетокот на работа во овој мандат, навистина беше тешко. Бевме исправени пред една многу комплицирана ситуација во функционирањето на општината: мораше да се изнајдат начини, да се изнајдат законски можности, Општината правно формално и непречено да продолжи со работа. Бевме обременети со огромен финасиски долг, бевме најзадолжена општина од сите општини во Град Скопје, и меѓу најзадолжените во државата. Освен тоа, имавме силни реакции околу неколку урбанистички планови, односно претераната урбанизација. Коалицијата $O_2$ и Здружението за заштита на граѓаните на Карпош имаа поднесено иницијатива до Уставен суд за преиспитување на уставноста на четири урбанистички планови донесени од претходниот состав на Советот. Уставниот суд побара докази дали се испочитувани сите законски норми при донесувањето на урбанистичките планови. Како претседател на Советот морав да дадам конкретни одговори за четирите ДУП-ови, по што, Уставниот суд ги укина, а со тоа беше стопирана целосно градбата по тие планови. Од истите здруженија, исто така, имаше иницијатива да се прогласи мораториум за градење во Општина Карпош, но, во консултација со правната служба, секретарот и градоначалникот, одлучивме дека пред да донесеме таква одлука, треба да ги консултираме сите органи кои се вклучени во самиот процес на донесување на детални урбанистички планови, за да видиме дали ние, како Совет, имаме таква можност да спроведеме мораториум за градба на наша територија. Поднесовме барање до Инспекторатот, до Министерството за локална самоуправа, до Министерството за урбанизам и градежништво и баравме правно толкување од страна

на Законодавно-правната комисија при Собранието на Република Македонија. Инспекторатот и Министерството за локална самоуправа ни одговорија дека се ненадлежни во делот за мораториум на градба, додека Законодавно-правната комисија кажа дека според законот постои одлука за донесување урбанистички планови, но не и за мораториум за законски донесен детален урбанистички план. Со тоа се расчисти и дилемата дека ние, на територијата на Општина Карпош не можеме да донесеме таква одлука, и заседовме став дека ќе продолжиме со градба, но ќе градиме на местата кои се надвор од централното урбано подрачје и ќе се трудиме сите наредни градби да ги насочиме кон периферијата на Општината. Сметаме дека во таа насока треба да оди развојниот дел на градбите кон населбата Бардовци и кон карпошовиот дел од Касарната Илинден.

Еден од поголемите проблеми ни беше и екологијата, за која вреди многу да се разговара. На тој план, градоначалникот, за да се подобри целата таа ситуација, направи навистина многу. Донесовме одлука да се поставаат прочистувачи на воздух во сите градинки и училишта во Карпош. Со зголемени инспекциски служби, на места кои се лоцирани како можни предизвикувачи на аерозагадувањето се делуваше со континуирани контроли, а отворивме и директна телефонска линија на која граѓаните можат да укажат на потенцијални загадувачки. Истовремено посадивме и поголем број садници на наша територија со што го зголемивме зелениот фонд во Општината.



**Дали сте задоволни како советниците ги артикулираат проблемите на граѓаните?**

- Ние како советници сме всушност гласот на граѓаните, што значи должни сме да бидеме во постојана комуникација со нив, посебно со урбаните заедници од кадешто сме делегирани. Потребно е еднаш или два пати неделно да имаме средба со граѓаните, за да ги пренесеме предлозите и ставовите за одредени состојби кои ги тиштат. Со градоначалникот направивме по неколку средби во речиси сите урбани заедници, но тоа не е доволно да се сублимира целата состојба на проблемите кои се однесуваат на асфалтирање улици, за зголемување на зеленилото, изградба на спортски игралишта, улично осветлување, социјална заштита. Сметам дека комуникацијата меѓу советниците и граѓаните треба да биде на повисоко ниво, а за тоа треба да имаме повеќе средби. Во наредниот период имам за цел да изработам агенда за средба на советниците со граѓаните, каде што самите советници ќе си определат ден за средба во канцелариите на нашите урбани заедници и тој ден секој од граѓаните ќе може да дојде или да се пожали за некаква состојба или да даде предлог за подобрување. Така ќе се подобри врската меѓу советниците и граѓаните, од кадешто ќе добиваме изворни информации за состојбите во маалата и урбаните заедници што ни е една од примарните задачи.

**До крајот на мандатот Ви остануваат уште две и пол години... Што треба да очекуваат граѓаните на Карпош во преостанатиот дел од мандатот на сегашната локална власт?**

- На Карпош му претстои доста „светла година“ затоа што полека почнуваат да се разрешуваат финансиските проблеми, да се тргаат стегите што ги имавме досега во делот на правно законодавно делување на општината. Се гледа светло во тунелот која ни дава надеж дека Карпош ќе ја следи една нова урбана, творечка визија, преку проектите како што се: отворање на нова детска градинка, изградба на адреналински парк, започнување на изграба на спортски базен во ООУ „Јан Амос Коменски“, ревитализација на спортската сала „Партизан“. Преку проектот „Мој Карпош, моја картичка“ ја зголемуваме соработката со бизнис секторот, каде директно помагаме на граѓаните, за кои всушност ги носиме и сите одлуки со кои се трудиме да бидеме одговорен сервис.

# ПАКЕТЧИЊА
# ЗА БЕЗДОМНИЦИТЕ

**У**илишниот клуб на Црвен крст во основното училиште „Вера Цирвири Трена“ од Скопје, на почетокот на февруари организираше подготовка на 60 пакетчиња со прехранбени производи за 60 лица бездомници на територијата на градот Скопје, под менторство на Јане Неделковски-волонтер на Училишниот клуб, членови на Клубот на млади при ЦКРМ - Општинска организација Карпош и одговорниот професор Дивна Карапанчева.

Учениците од Клубот и волонтерите од Црвениот крст, заедно ги доставија пакетчињата на Невладината организација „Љубезност“ кај платото пред Спомен куќата Мајка Тереза, кадешто пакетчињата им беа поделени на бездомните лица. Воедно, на бездомниците им беа поделени и 100 топли оброци обезбедени од членовите и волонтерите на Клубот на млади на ОО Карпош. Акцијата заврши успешно со поттик за понатамошно организирање на ваков вид на хуманитарни акции.

Во рамки на училиштето „Вера Цирвири Трена“ Скопје од учебната 2018/2019 година активностите на Црвениот крст за прв пат се организираат во посебна форма наречена „Училишен клуб на црвен крст“ под менторство на два волонтери од Општинската организација Карпош и три одговорни професори од училиштето и тоа Дивна Карапанчева, Валентина Пешевска и Лила Трпчевска. Моментално во Клубот членуваат 70 ученици, кои редовно, секој втор четврток, одржуваат состаноци во училиштето каде ги договараат следните ативностите. Училишните клубови се иницијатива покрената во 2018 година, кога се формирани повеќе клубови во основните училишта ширум земјата.








{ инфо бокс }



# ОДБЕЛЕЖАНИ **75 ГОДИНИ** ОД ЗАГИНУВАЊЕТО НА ХЕРОЈОТ ПИТУ



По повод 75-годишнината од загинувањето на народниот херој Кузман Јосифовски – Питу , повеќе институции, граѓански здруженија и организации положија свежо цвеќе на спомен – обележјето на револуционерот од Втората светска војна , кое се наоѓа во населбата Козле. Исто така, и градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, заедно со членовите на Советот во Општина Карпош Владимир Станивуковиќ и Филип Даскаловски, положија цвеќе во спомен на народниот херој. Ова чествување беше во организација на локалната самоуправа и на Сојузот на борците на Македонија. На манифестацијата се обрати и градоначалникот Богоев, кој нагласи дека придобивките од народноослободителната борба се огромни, и дека со АСНОМ е втемелена Македонија како држава со сите свои атрибути.

- Го положивме тестот на времето и на историјата. Токму со борбата на овој наш народен херој, и на целиот македонски народ, пред повеќе од седум децении добивме своја држава и ја изборивме слободата. Наш денешен предизвик е членството во евроатланските интеграции, односно во ЕУ и НАТО, со што ќе обезбедиме стабилна, безбедна и просперитетна иднина за сите наши граѓани, потенцираше Богоев.

Свое обраќање имаше и претставник на Сојузот на борците на Македонија, кој говореше за ликот и делото на народниот херој, а литературни читања на овој настан имаа и ученици од ООУ „Владо Тасевски“.



















# НОВО КАТЧЕ ЗА ДРУЖЕЊЕ

## ЗА **КАРПОШОВИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ**

Пензионерите од Општина Карпош добија нов пензионерски клуб. Во комплексот „Порта Влае“, највозрасните граѓани на Карпош ќе можат да се дружат, односно со клубот ќе им се овозможи ново катче за социјализација и комуникација. На отворањето присуствуваше и градоначалникот на локалната самоуправа Стефан Богоев, кој воедно е и најмладиот градоначалник во државата.

- Во минатото, вие сте се грижеле за нас, денеска ние сме тие кои имаме обврска, но и чест да се грижиме за вас како највозрасна категорија на наши сограѓани. Општина Карпош е позната локална самоуправа со голем број на пензионери, па затоа, наша интенција и во иднина ќе биде отворање на што поголем број на пензионерски клубови за ваш подобар престој за дружење и комуницирање, потенцираше Богоев.

Градоначалникот Стефан Богоев, напомена дека целта на овие клубови е да прераснат во катчиња за меѓугенерациска дружба, со тоа што ќе бидат изложени ликовни цртежи од нашите основци, работилници за ракотворби, предавања. Пензионерите од свое име се заблагодарија за т.н „хумани патроли“, со кои се помага на највозразната категорија жители на Карпош, преку кои Општината пружа нега и здравствена заштита на тие лица кои не можат самите да се грижат за себе.

Меѓу другото, градоначалникот Богоев им подари слики од Карпош и од старо Скопје, како еден потсетник низ времето, кои ќе бидат дел од амбиенталниот простор на овој пензионерски клуб како и друштвени игри (шах, табла, домино), и најави скорешно отворање на нов пензионерски клуб во населбата Бардовци.




# ЕФЕКТИВНОСТА Е „КЛУЧ НА УСПЕХОТ“ ЗА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ БИЗНИСИ

Дипломираниот историчар на уметност и археологија и доктор по економски науки Маја Пехчевска е автор на акционото истражување за „Ефективност на малите и средните претпријатија на Република Македонија“. Во овој труд Пехчевска ги разработува начините, можностите и перспективите за успешното менаџирање на финансиските средства во функција на ефикасноста на малите и средните претпријатија (МСП) во нашата држава. Во анализата, авторката потенцира дека ефективното менаџирање на финансиските средства со кои располагаат компаниите има сериозни и директни импликации врз ефикасноста на претпријатијата. Надворешните и внатрешните извори на финансии се исто така, многу битен елемент и аспект во управувањето на претпријатијата, и на овие елементи, треба сериозно да се внимава. Всушност, како што потенцира карпошанката Маја Пехчевска, желбата за изработка на овој авторски труд, произлегува од потребата да се анализира управувањето со финансиските средства како еден од главните предуслови за зголемување на ефикасноста и ефективноста на деловните субјекти, со особен и главен акцент на малите и средните претпријатија, како главен двигател на економски и стопански раст и развој. Всушност, конкретизацијата на овој труд е дефинирањето и анализата на корелацијата помеѓу успешното менаџирање на финансиските средства и ефикасноста на малите и средните претпријатија на територијата на Македонија. Анализата на врската која постои помеѓу управувањето на финансиските средства кои им стојат на располагање на македонските мали и средни претпријатија, и нивната ефикасност произлегува од фактот дека деловните и стопански субјекти, во глобалниот пазар на економско дејствување, мора ефикасно и ефективно да ги искористуваат финансиските и други средства, сé со цел да може економски и профитабилно да работат, а со самото тоа, и да опстојат долги години на пазарот, пребродувајќи ги сите турбулентни економски потреси, преку својата конкурентност и иновативност.

Во понатамошниот дел од својот авторски труд, Маја го опфаќа менаџментот, кој го дефинира како активност која е насочена кон остварување на деловни резултати. Авторката нагласува, дека посакуваните резултати, не се интуитивни, (иако како што наведува, во определен дел и постои), ниту пак случајни резултати. Особено не во време кога се создава економска вредност, во услови на секојдневни и значајни промени кои силно влијаат врз работењето на компаниите. Успешниот менаџмент е секогаш поврзан со стратегиските активности на остварување на компетитивна предност, особено изразено во водењето на финансиите на компаниите, во земја во која постојано недостасуваат свежи пари, додека кредитите се добиваат со поголеми обврски за нивно враќање, одошто во развиените земји.

Поради овие горенаведени причини, менаџментот како таков, мора континуирано да спроведува, организирани активности кои ќе обезбедуваат долгорочност, додека стратешките одлуки најмногу ја зајакнуваат конкурентната предност на организацијата. Таа може да биде засилена со ресурси, процеси, користење на ресурси и управување со информации. Конкурентната предност се мери со подготвеноста на организацијата и брзината на реакција на ненадејни хитови и промени во нејзината околина, и истата може да лесно или едноставно да се копира или прифати од конкурентите.

**Благојче Атанасоски**




# ЈАВНА РАСПРАВА

## ЗА ИЗГРАДБА НА АДРЕНАЛИНСКИ ПАРК ВО КАРПОШ

Во организација на Општина Карпош, во просториите на У.З „Кузман Јосифоски-Питу“ во населбата Козле, се одржа презентација и јавна расправа за планот за управување со животната средина, за изградба на „Спортско адреналинскиот парк – Карпош“. На средбата присуствуваа претставници од граѓанскиот сектор, бизнис секторот и локалната самоуправа кои се активни и работат во областа на одржливиот развој и животната средина, како и заинтересирани граѓани од Општина Карпош.

Презентацијата ја отвори заменик-раководителката на Секторот за развој на Општина Карпош, Александра Теова, која во оваа пригода ги образложи техничките аспекти на проектот. Имено, овој проект е финансиран од Европската Унија, а имплементатор е Светската банка и Кабинетот на заменик-министерот за економски прашања, Кочо Анѓушев, како дел од проектот за локална и регионална конкурентност. Поточно, ЕУ покрива 87% од вкупната вредност за реализација на проектот, или 47.238.993 денари, а Општина Карпош од својот буџет ги обезбеди останатите финансиски средства, односно 7.342.832 денари.

Изградбата на адреналинскиот парк, кој ќе се протега на вкупна површина од 6.500 м$^2$, се очекува да започне во мај годинава. Притоа, ќе биде реконструирано детското игралиште на површина од 480 м$^2$, скејт-паркот на 1.100 м$^2$, ќе биде изградено ново игралиште за одбојка и фудбал на песок, а атрактивниот адреналински парк за возрасни и деца ќе биде изграден на три нивоа, кој ќе се позиционира на површина од 1.600 м$^2$.

Предвидено е просторот дополнително да биде облагороден со хортикултурно уредување, каде ќе бидат засадени повеќе од 100 дрвја. Ќе биде поставена и нова урбана опрема, клупи, корпи за отпадоци и лежалки за релаксација. Планирано е да се изгради и плато за одмор со мини сквер, а во околината ќе се поставаат тоалети и четири дрвени куќички за продажба на безалкохолни пијалоци. Просторот ќе го осветлуваат енергетско ефикасни ЛЕД-светилки со соларни панели.

**Игор Ѓуровски**

# МОНТЕСОРИ
# ПАТ КОН ПОБРЗА ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА

МАКЕДОНСКО МОНТЕСОРИ ЗДРУЖЕНИЕ

*Вложувањето во квалитетно предучилишно воспитание и образование е најбрзиот и најкраткиот пат за намалување на социјалната исклученост и сиромаштија. Периодот на раното детство има огромната важност во целопкупниот развој и созревањето на младата личност во возрасен човек.*

Стимулативната околина го поттикнува детскиот развој и му овозможува на детето да стекне искуства, навики и знаења кои ќе бидат темел во сложениот процес на градење на возрасна личност.

Општина Карпош од подамна ја има препознаено оваа потреба и веќе пет години, во соработка со Македонското Монтесори Здружение создава услови за функционирање на Едукативниот Центар во с. Бардовци, наменет за децата од ромската населба Злокуќани и децата од селото Бардовци.

Во досегашното работење во центарот беа опфатени 177 деца на возраст од 3 до 6 години. Со нив се работеше според специјално дизајнирана програма во согласност со Монтесори принципите и Националната програма за рано учење и развој.

Внимателната опсервација на децата во текот на годината и анализата на нивното постигнатото развојно ниво, покажуваат дека тие имаат значаен напредок во когнитивниот развој, развојот на говорот и јазикот, а особено значајно е што се забележува напредок во однос на однесувањето и развивањето на социјалните компетенции.

Учејќи и работејќи во една Монтесори подготвена средина, според Монтесори правилата на однесување кај децата се формираа навики за одговорен однос кон просторот и работното место, почитување на сопствената работа и работата на другите деца, трпение за дочекување на својот ред, преземање обврски на дежурен ученик итн.

Овој проект успешно заврши во декември 2018 година, а Општината Карпош продолжува во вложувањето во предучилишното воспитание и образование на своите жители од оваа заедница и во тек е отворање на детска градинка во селото.













Соработката со Македонското Монтесори Здружение, кое постои веќе 13 години продолжува во повеќе насоки. Така здружението организираше обуки за воспитувачите и негователите од градинките на територија на Општина Карпош за примена на Монтесори методот во работа со деца со посебни потреби. Во тек е развој на програма за примена на Монтесори методот во работа со деца со посебни потреби во основните училишта и понатамошна поддршка на градинките.

Секако треба да се напомене дека во рамките на ОУ „Вера Циривири Трена“ функционира Монтесори центарот како прв инклузивен центар кој нуди разни програми за поддршка на развојот на децата со типичен развој и децата со посебни потреби на предучилишна и рана училишна возраст.

**Билјана Стерјадовска-Стојчевска**

**Македонското Монтесори Здружение**




# ЧЕТИРИ ЗЛАТА ЗА ЏУДИСТИТЕ ОД ИПОН



**В**купно четири златни медали освоија џудистите од џудо клубот „ИПОН" од Скопје на Државното првенство за сениори и сениорки за 2019 година. Победник во категоријата до 57 кг, е ***Арбреша Реџепи***, додека во категоријата до 63 кг, шампионка е ***Берна Шерифовска***. Кај мажите, прв во категорија до 66 кг е ***Резарт Хусени***, а во категоријата до 81 кг шампион е ***Еди Шерифовски***.

***Фејзула Румејса*** се пласираше на второто место, а ***Елена Поповска*** и ***Андреа Димоска*** го освоија третото место.

Овие врвни спортски резултати на џудистите и џудистките од карпошовиот клуб „ИПОН", не се изненадувачки, бидејќи тие со својот професионализам, спортска дисциплина и тренинзите, покажаа дека само упорноста, пожртвуваноста и амбициозноста се „тајната на успехот" за постигнување на шампионски резултати во спортот.





# АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ

## *СО НОВ КЛУБ ВО КАРПОШ*

Овој месец, во Општина Карпош се оформи специјализиран фудбалски клуб за млади, за категориите од 5 до 14 години, кој ќе биде под менсторство на „Академија Пандев", чиј сопственик е нашиот познат фудбалер Горан Пандев. Клубот за млади фудбалерски таленти ќе го носи името Фудбалски Клуб Академија Пандев - Карпош. Тренинзите ќе се одржуваат три пати неделно на игралиштето на „ФК Локомотива" во Карпош. Во Академијата работат лиценцирани, стручни тренери со германско искуство, од кои, еден од нив, е доктор на наука по фудбал кој докторирал на селекција за млади фудбалери.



Спортските тренинзи за децата од рана возраст имаат исклучително значење во развојот на нивните психофизички способности. Покрај тоа што развиваат добра кондиција и физичка подготвеност, децата преку спортот учат да градат и доверба, да развиваат чувство за тимска работа, да учат како да бидат фокусирани кон своите цели.

***Академијата во текот на следниве месеци врши уписи на генерации од 2005 -2013 година.***



#NeboNadKarpos — @skopje_today







#NeboNadKarpos — @marri_san








#NeboNadKarpos



Магде Анчевска



#NeboNadKarpos




@likilile #NeboNadKarpos

ФОРЦА
ВИНСКИ БАР | РЕСТОРАН

# ВРВНАТА **ГАСТРОНОМСКА ДЕСТИНАЦИЈА**




Еден од најатрактивните и најпосетувани „ lounge bar“-ови, не само на територијата на Општина Карпош, туку и пошироко во градот Скопје е „Форца“. Во населбата Тафталице 1, на ул. „Лондонска“, веднаш до студентскиот дом „Гоце Делчев“, оваа гастро дестинација привлекува голем број на посетители во текот на целиот ден.

Огромниот избор на храна, како и на пијалоци, особено сортни вина, се примамлива понуда за сите гости. За појадок, во „Форца“, можете да нарачате омлет по избор, брускети со најразличен вкус или разновидна салата. Доколку сакате да ручате во „Форца“, ќе ви треба доста време да се одлучите што всушност ќе јадете. Буритата со пилешко, мега бурито со чедар, ролована пилешко со спанаќ и пармезан, пилешко во кари, мисиркино во кари,



мисиркин стек, свинско филе, свинска кременадла, се одличен избор за тие што сакаат месо. Широкиот избор на пици, пасти, предјадења и мезиња се исто така одличен избор за тие кои седнале на закуска. За љубителите на риба, на менито во овој ресторан има разновидна понуда. Лососот е главен рибен специјалитет, и ретко кој останал „рамнодушен“ на оваа неодолива понуда. Крапот и пастрмката се задолжително на менито за рибни специјалитети.

Овој бар - ресторан со својот префинет и автентичен амбиент, надополнет со камин, е особено одлична дестинација за вечерните часови. Во „Форца“ се организираат „тематски“ вечери: шпанска, италијанска, турска, грчка, каде што со автентичната музика за таа вечер, се служи и автентична храна од односната држава. За да биде услугата целосна, „Форца“ нуди и „детско мени“, односно мини пици и храна наменета за децата.

Љубителите на вино, во Форца може да го пронајдат своето винско задоволство. Овој ресторан нуди огромен асортиман на разновсрсни видови на сортни вина, како домашни, така и странски, меѓу кои најпознати се: италијанските, францускките, шпанските, чилеанските и австралијанските вина.

Форца е дестинација за сите, без разлика на нивната возраст: млади, повозрасни, во пар, или пак во друштво, локација за бизнис зделка, овој ресторан навистина со својата врвна услуга и квалитет нуди амбиент во кој секој се пронаоѓа.

**Благојче Атанасоски**











# **ЗАПЛЕНЕТО ДИВО ДЕПО** ОД ГУМИ ЗА ГРЕЕЊЕ



Комуналните служби на Општина Карпош целосно исчистија нова дива депонија, која се наоѓаше во областа Горно Нерези. Запленето е поголемо количество на гуми и е спречено истите да завршат во некое од домаќинствата како огревен материјал.



Една од главните причини за аерозагадувањето е начинот на греење на домаќинствата, а анализите покажуваат дека голем број на домови се греат токму на отпадни гуми. Ваквиот начин на загревање е еден од главните загадувачи на воздухот, иако се идентификувани и други несоодветни отпадни суровини кои алтернативно се користат за затоплување во индивидуалното домување.
Инспекторите од Општина Карпош се постојано на терен во контрола и обид за спречување на употребата на ваквите штетни емитери на опасни честички во воздухот.



# **ЕКО – АКЦИЈА** ВО БЛИЗИНА НА ТЦ „СИТИ МОЛ“

Комуналните служби на Општина Карпош исчистија поголема количина на отпад во близина на ТЦ „Скопје Сити Мол“. За оваа локација постоеја повеќе пријави на граѓани на социјалните мрежи.

Општината ги интензивираше и инспекциските теренски контроли, со цел да се заштити животната средина и да се спречи дополително загадување.





# **РАСЧИСТЕНА ДЕПОНИЈА** НА БУЛ. „8 СЕПТЕМВРИ“

Комуналните служби на Општина Карпош во континуитет работат на отстранување на новонастанати депонии од отпад на своја територија. Со таа динамика, тие исчистија уште една дива депонија, долж булеварот „8 – ми Септември“, во населбата Тафталиџе 1.

По пријава на повеќе граѓани и Здружението на граѓани – Македонски центар за одржлив развој и конкурентност – Скопје (МЦОРК), хигиеничарите отстранија поголемо количесто на пластика, стакло и друг вид отпад.

Општина Карпош продолжува со секојдневната грижа за животната средина и расчистување на диви депонии по јавните површини.

# **РАСЧИСТЕН ОТПАД** НА ЈАВНА ПОВРШИНА ВО ЗЛОКУЌАНИ

Службите задолжени за одржување хигиената во Општина Карпош, расчистија уште една дива депонија – сметлиште на територија на општината. Депонијата беше создадена на ул. „Марк Твен“ во Злокуќани, кај сервисите за миење на возила. Локалната самоуправа апелира до сите граѓани и фирми да го фрлаат отпадот само на точно утврдените места - во контејнери, а не на јавните површини, со што придонесуваат кон создавање на диви депонии.





# facebook

Ова ѓубре и градежен шут е на влезот во Општина Карпош





Почитувани, Ви благодариме за испратената фотографија. Заедно со екипите од Град Скопје и Комунална хигиена ќе постапиме за расчистување на истата.

**Julijana Vujacik** Супер 💯👏👏
Like · Reply · Message · 3d

**Valentina Milenkovska**
👏👏👏
Like · Reply · Message · 3d

**Toni Carcev** Bravo i vo site maala e potrebno popravki na patekite,ureduvanje na zeleniloto,novi klupi i kanti za otpadoci.
Like · Reply · Message · 3d

**Desanka Dervendzi** Bravo za nasiot gradonacalnik 👏
Like · Reply · Message · 3d

**Luiza Volinjec** Super ova e odrzuvanje na patekite 👏👏👏👏
Like · Reply · Message · 3d

**Општина Карпош** added 7 new photos to the album РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРИСТАПНИТЕ ПАТЕКИ ВО ТЦ „ЛЕПТОКАРИЈА“
Published by Ivana Pendovska Vukasinovic · 14 March at 14:32

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРИСТАПНИТЕ ПАТЕКИ ВО ТЦ „ЛЕПТОКАРИЈА“
Општина Карпош започна со санација и обнова на пристапните патеки во задниот дел на ТЦ „Лептокарија“, во урбаната заедница Карпош 3. Патеките повеќе години беа руинирани и движењето беше отежнато. Во изминатиов период, локалната самоуправа асфалтираше и поголем број на ударни дупки на паркингот пред ТЦ „Лептокарија“, а се поставија и нови корпи за отпадоци.






**мЗаедница**
13 March at 15:50
Like Page

Општина Карпош во првата недела од месец март ги реши сите пријави преку мЗаедница за „Санација и обнова на улично осветлување“ 👏
Ги охрабруваме граѓаните на општина Карпош да продолжат со користењето на апликацијата и заеднички да придонесат за поефикасна општина.

#МобилноУчество #мЗаедница #ОпштинаКарпош
App Store: https://apple.co/2SbERoJ
Google Play: https://goo.gl/Y9qhpE

# twitter



Јан А. @Archtweetka · Feb 15

паркирањето на тротоари пред сопствените куќи во Карпош е одвратно. Најкатастрофа е ул.Козле каде што си се паркираат на тротоар, возат многу повеќе од дозволеното, автобуси одвај се разминуваат, а ние пешаците и мајките со колички гледаме да преживееме. @OpstinaKarpos @sbogoev

2 3 15

Стефан Богоев
@sbogoev
Following

Replying to @Archtweetka @OpstinaKarpos

За ул. „Козле" побаравме и од Град Скопје и од сообраќајна полиција поголема асистенција, во смисла на санкционирање на непрописно паркираните возила.



Darko Kezhman @kezhmanprvi · 18h

Паркот „Македонија" сув како пустина, вода тече по улица joci.mk/?p=2133

Translate Tweet

2 1

Darko Kezhman @kezhmanprvi · 18h

@sbogoev што е ова , тебе да ти се случи вакво нешто?

1

Стефан Богоев
@sbogoev
Following

Replying to @kezhmanprvi

Паркот „Македонија" целосно го одржува Градот (долж булевар).

2:53 PM - 25 Mar 2019



Lonely_Traveler 🖤 @__Traveler__ · 14h

Извини @sbogoev ама тоа картичките Мој Карпош ќе ги правите за сите жители на Карпош или за цела држава? 🤔
Никој уште не се јавил иако сум уредно регистриран.
Ако правите по 5 дневно, може и ќе ја добијам јас мојата у декември..
И фала на одговорот пошто знам дека ќе го има ;)

1 1 4

Стефан Богоев
@sbogoev
Following

Replying to @__Traveler__

Започнавме со издавање. Од 60-80 картички се изготвуваат на дневно ниво, а има прилично голем интерес. Фала на трпение и разбирање 😊

7:07 PM - 25 Mar 2019

Клиничка болница **Аџибадем Систина**



# Лапароскопски третман на **карцином на дебело црево**

Проф. д – р Владимир Димов
**Хирург**

Лапароскопската хирургија се смета за златен стандард во лекувањето на голем број абдоминални заболувања и состојби. Статистиките, пак, покажуваат дека лапароскопската хирургија во третманот на малигните заболувања дава најмалку еднакви или најчесто многу подобри резултати во лекувањето, за разлика од класичната хирургија. За предностите на лапароскопската хирургија на туморите на дебелото црево и ректумот, разговаравме со проф. д-р Владимир Димов од Клиничката болница „Аџибадем Систина", кој важи за еден од пионерите на лапароскоспката абдоминална хирургија и еден од најпознатите експерти за лапароскопска хирургија во Европа.

**ПРЕДНОСТИ**

Минимално инванзивните интервенции се комплексни за хирургот кој ги изведува, но затоа имаат низа предности за пациентот во однос на класичната хирургија. Нема крвавење, мали оперативни резови од 0.5 до 1 цм, брзо заздравување, минимални можности за инфекција и постоперативни компликации, неспоредливо подобар козметички резултат, рано враќање на обврските на секојдневниот живот и работа. Давањето лекови од типот на аналгетици и антибиотици во постоперативниот период е значително пократко и трае најмногу еден до два дена.

**КАКО СЕ ИЗВЕДУВА?**

Целата интервенција се изведува низ неколку минимални отвори на абдоменот (0,5 - 1цм) низ кои се внесуваат инструментите потребни за изведување на интервенцијата. За непречено изведување на интервенцијата и подобра прегледност, абдоменот се исполнува со гас ($CO_2$). Интервенцијата е минимално инванзивна и се изведува во општа анестезија. Операцијата трае од два или три часа во зависност од патолошкиот процес и хабитусот на пациентот.

**4К И 3Д – ТЕХНОЛОГИЈА ЗА ПЕРФЕКТНА ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА НА ОПЕРАТИВНОТО ПОЛЕ**

„Аџибадем Систина" прва во македонското здравство инвестираше во најновата ендоскопска и лапароскопска 4К и 3Д-технологија која се користи во секојдневното изведување лапароскопски интервенции во најпознатите центри во светот. „4К-технологијата овозможува четири пати подобра резолуција и квалитет на снимка за разлика од стандардната HD (high definition) опрема. Тоа значи дека ние оперативното поле го гледаме со огромна прецизност и добиваме висококвалитетен приказ на внатрешните органи и дури и на најситните структури како што се нерви и крвни садови, како и сопирање и на најмалите крвавења кои се едвај видливи со голо око, така што интервенциите се изведуваат потполно бескрвно. Способноста за снимање и прикажување во 3Д или тридимензионална техника ни овозможува реална длабочина на оперативното поле и им помага на хирурзите полесно да се движат со инструментите за време на интервенцијата. Лапароскопската операција кај карцином на дебело црево се смета за една од најсложените интервенции кои бараат големо искуство на хирургот и врвна технологија за приказ на стомачната празнина. Со примената на лапароскопската хирургија во третманот на карциномот на дебелото црево и ректумот, бројот на пациентите коишто по операцијата имаат потреба од тоа да го поминат остатокот на животот со анус претер или т.н. торбичка е драстично намален. Со тоа се запазува квалитетот на животот на пациентите, што е особено важно и за пациентите и за нивните семејства. Со новата опрема, „Аџибадем Систина" е единствена болница во овој момент во државата која ги исполнува најдобрите услови за безбедна и ефикасна лапароскопска сложена хирургија", вели проф. д-р Димов.

# Урбани заедници

**Карпош 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирче Блажевски
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
A: ул. Иван Аговски бр.2

**Карпош 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Лидија Цацановска
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
m: lidija.cacanovsa@karpos.gov.mk
A: ул. Бранислав Нишиќ бр.4

**Карпош 3**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Весна Мирковска
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
m: vesna.mirkovska@karpos.gov.mk
A: ул. Радика бр.9

**Карпош 4**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Виолета Божиновска
072 | 26.80.52
m: karpos4@karpos.gov.mk
A: ул.Љубљанска бр.6

**Тафталиџе 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Вера Пенова
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
A: ул.Букурешка бр. 2

**Тафталиџе 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
Одговорно лице:
Горан Велковски
078 | 48.69.28
A: ул.Копенхагенска бр.5
(простории на ЗЕЛС – сутерен)

**Влае 1**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Ненад Зафировски
072 | 26.80.53
m: vlae1@karpos.gov.mk
A: ул. Фјодор Достоевски бр.2

**Влае 2**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Витка Ацевска
070 | 72.50.82
Одговорно лице:
Жарко Јосифовски
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
A: ул. Сливовска бр. 1

**Нерези**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Сеад Мехмети
078 | 48.76.23
Одговорно лице:
Весна Антеска
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
A: ул.Ванчо Мицков бр. 19

**Владо Тасевски**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Елена Ѓурчилова
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
A: ул. Дрезденска бр. 52

**Кузман Јосифовски Питу**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Велика Стојановска
078 | 48.69.53
Одговорно лице:
Наташа Геровска
077 | 57.06.87
m: kjpitu@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

**Пецо Божиновски Кочо**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирјана Милошевска
070 | 33.82.74
Одговорно лице:
Данче Стевиќ
078 | 22.62.96
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

**Злокуќани**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Гаши Садри
078 | 48.69.23
Одговорно лице:
Васко Крстевски
077 | 80.76.16
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
A: ул. Скупи бб.

**Бардовци**
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Витанова Богојеска
071 | 45.52.99
m: bardovci@karpos.gov.mk
A: с.Бардовци

**Одделение за месна самоуправа**
Раководител:
Миле Стевков
070 | 23.57.90
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

| | |
|---|---|
| **Кабинет:** | 02 \| 30.55.901<br>02 \| 30.55.902 |
| **Претседател на Советот на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.913 |
| **Секретар на Општина Карпош:** | 02 \| 30.55.918 |
| **Сектор за правниработи:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за дејности од јавен интерес:** | 02 \| 30.55.939 |
| **Сектор за односи со јавност:** | 02 \| 30.55.920 |
| **Сектор за развој на општината:** | 02 \| 30.68.151 |
| **Сектор инспекторат:** | 02 \| 30.55.931 |
| **Сектор за финансиски прашања:** | 02 \| 30.55.923 |
| **Архива:** | 02 \| 30.55.954 |
| **Сектор за урбанизам:** | 02 \| 30.55.900 |
| **Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:** | 072 \| 21.43.54 |
| **Сектор за екологија и енергетска ефикасност:** | 072 \| 273 986 |
| **Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:** | 02 \| 3055 942 |
| **Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:** | 02 \| 3067 055 |

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

**www.karpos.gov.mk**

## Поважни телефони

| | |
|---|---|
| Полиција | 192 |
| Противпожарна бригада | 193 |
| Брза помош | 194 |
| Управување со кризи | 195 |
| АМСМ - помош на патишта | 196 |
| АМСМ - информативен центар | 155 55 |
| Авто помош на пат (24 ч.) | 9159 |
| Царина | 197 |
| Матична служба - ГУВР | 3117 037 |
| Сала за венчање | 3118 250 |

## ПТТ услуги

| | |
|---|---|
| Будење | 180 |
| Точно време | 185 |
| Информации | 988 |
| Воена полиција | 3227 700 |
| Пазарен инспекторат | 975 |
| Водовод и канализација - дежурна служба | 3073 010 |
| Комунална хигиена - дежурен диспечер | 3224 961 |
| Оџаци - оџачарски услуги | 2440 293 |

## Сообраќај

| | |
|---|---|
| Меѓуградска автобуска станица | 2466 313 |
| Македонија сообраќај | 2402 388 |
| Железничка станица | 3234 255 |
| Аеродром Скопје | 3148 333 |

## Дежурни аптеки

| | |
|---|---|
| Зегин (МНТ-подрум) | 3117 614 |
| Реплек - аптека бр.4 | 3130 170 |

## Здравствени објекти

| | |
|---|---|
| Клиничка болница | 3147 147 |
| Градска општа болница | 3235 000 |
| Болница 8 Септември | 3087 400 |
| Детска болница - Козле | 3085 761 |
| Неуромедика | 3130 000 |
| Клиника “Мајчин дом” | 3147 004 |
| Стоматолошки клинички центар | 3299 000 |
| Гинеколошко - акушерска клиника | 3147 147 |
| Гинекологија и акушерство - Чаир | 2611 033 |
| Аџибадем Систина | 3099 500 |

## Дежурни поликлиники

| | |
|---|---|
| Букурешт | 3064 088 |
| Идадија | 3113 033 |
| Ѓорче Петров | 2031 022 |
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Чаир | 2795 112 |
| Драчево | 2611 506 |
| Шуто Оризари | 2651 696 |
| Ченто | 2522 351 |
| Бит-Пазар | 3134 534 |
| Неуромедика | 3133 313 |



**e-mail**
kontakt@karpos.gov.mk

**Facebook**
Општина Карпош

**Twitter**
@OpstinaKarpos

**Instagram**
@opstinakarpos